ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

# Ана Ивановска и Ангел Миов ќе однесат миг од вечноста во Куманово

Во Уметничката галерија во Куманово на 23 јуни (петок), во 20 часот, ќе биде отворена изложбата „Почеток без крај“ на ликовните уметници Ана Ивановска и Ангел Миов, а во организација на НУ Музеј Куманово и ЗПРУ „Кибер Панк“ Куманово.




Кумановската публика ќе има можност да погледне една несекојдневна форма на ликовен израз кој подразбира амбиентална мултимедијална инсталација, поточно објект поставен на подот од галеријата и видео-арт проектиран на плафонот проследено со звуци. Делото покрај својата визуелна функција претставува и една комплексна содржина која кај публиката побудува емоции и прашања поврзани со човековите размисли за постоењето, вечноста, патот и времето.

Самиот наслов насочува на едно читање кое треба да воведе кон поставување на вечните прашања, но и еден конкретен миг од вечноста која е преточена во дело кое е „Почеток без крај“.

Ивановска и Миов припаѓаат на младата генерација ликовни уметници кои континуирано работат и се присутни на македонската и светската сцена, се познаваат уште од средно уметничко училиште, студираат во истата класа на ФЛУ, каде што и магистрираат, припаѓаат на генерацијата која остана компактна и по завршувањето на студиите со отворање на единствената независна културна институција во Македонија „Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.“.

Ана Ивановска (Скопје, 1982) дипломирала (2006) и магистрирала (2011) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на отсек сликарство. Од 2006 год. член е на ДЛУМ и еден од основачите на уметничката група и простор „Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.“ (2009) и групата „Моми“ (2012). Реализирала повеќе самостојни и групни изложби во Македонија и странство.

Ана Ивановска ја доби годишната награда „Денес“ за млад ликовен уметник од Центарот за современи уметности (2008). Таа беше претставник на Р.М. на интернационалниот натпревар на 7-мите Франкофонски игри во Ница, Франција (2013). Остварила уметнички престој во Париз, Франција, во Cite Internationale des Arts (2014); Виена, Австрија, Австриско Федерално Министерство за образование, уметност и култура (2011); Њујорк, САД, YVAA (Young Visual Artist Award) во програмата ISCP (International Studio and Curatorial Program) во 2009 година.

Ангел Миов е ликовен уметник кој се изразува во повеќе медиуми, како инсталација, видеоарт, перформанс, сликарство и фотографија. Роден е во Гевгелија во 1982 година, дипломирал 2006 година на ФЛУ-Скопје. Од 2009 година е еден од основачите на уметничката група и простор „Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т“ во Скопје. Од 2012 година предава Акт и цртање на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Реализирал 12 самостојни изложби. Учествувал на повеќе групни изложби и фестивали, како во Македонија, САД, Холандија, Германија, Данска, Босна и Херцеговина, Србија, Франција, Литванија, Израел, Русија и Кина.